Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет ***граѓанско образование*** за **I (прва) година** од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

*модуларно дизајнирана*

**за I година**

*Сите образовни профили / квалификации*

*Сите струки / сектори*

Скопје, 2019 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Граѓанско образование |
| **Тип на наставната програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 3 (три) ЕЦВЕТ[1] кредити<br><br>Бројот три ги означува кредитите кои се стекнуваат со посетата на часовите по овој предмет во рамките на Заедничкиот општообразовен модул, ангажираноста на часовите и учеството во процесот на поучување и учење. |
| **Струка** | Сите струки |
| **Сектор** | Сите сектори |
| **Образовен профил** | Сите образовни профили |
| **Назив и ниво на квалификација** | Сите квалификации<br><br>IV (четврто) ниво |
| **Година на изучување** | I (прва) година |
| **Број на часови, неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2/ 72 |

[1] Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| Цели на наставната програма | **Ученикот/ученичката:**<br>– да е способен/на да постапува како одговорен граѓанин и целосно да учествува во граѓанскиот и во општествениот живот, врз основа на познавањето и расудувањето за општествените, економските и политичките концепти и структури, како и врз основа на знаењата за глобалниот развој и одржливост,<br>– да се интересира за политичките и општествено-економските случувања и интеркултурната комуникација за надминување на предрасудите, да е способен/на да направи компромис,<br>– да ги почитува човековите права како основа за демократија која претставува темел за одговорен и конструктивен став,<br>– да ги познава основните концепти коишто се однесуваат на поединците, групите, работните организации, општеството, економијата и културата,<br>– да е способен/на активно да соработува со другите заради заеднички или јавен интерес, да презема одговорност за животната средина, вклучително и заради одржлив развој на општеството,<br>– да ги почитува социјалните и културолошките различности, родовата еднаквост и да придонесува за социјалната кохезија,<br>– да е подготвен/на да ја почитува приватноста на другите,<br>– да е свесен/на за целите, вредностите и политиките на општествените и политичките движења, одржливите системи, особено климатските и демографските промени на глобално ниво и нивните основни причинители,<br>– да е способен/на за критичко разбирање и користење на традиционалните и новите форми на медиуми,<br>– критички да размислува и конструктивно да учествува во активностите на заедницата за донесување на одлуки на сите нивоа,<br>– да се подготви конструктивно да учествува во демократското одлучување на сите нивоа и во граѓанските активности,<br>– да се залага за обезбедување социјална правда и праведност,<br>– да ги разбира мултикултурните и социоекономските димензии во европските општества и начинот на кој културолошкиот идентитет придонесува кон европскиот идентитет,<br>– да ги идентификува европските заеднички вредности,<br>– да ја познава европската интеграција и да е свесен/на за различноста и културолошките идентитети во Европа и во светот. |

| | |
|---|---|
| **Модуларни единици на наставната програма** | 1. ГРАЃАНСКИ ИДЕНТИТЕТ – ПРЕТСТАВА ЗА СЕБЕ КАКО ГРАЃАНИН<br>2. ГРАЃАНСКА ПОВРЗАНОСТ<br>3. ГРАЃАНИН ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО<br>4. ГРАЃАНИНОТ И ДРЖАВАТА<br>5. ГРАЃАНИНОТ И СВЕТОТ |
| **Материјално-технички и просторни услови** | За постигнување на резултатите од учењето и за успешно реализирање на предвидените активности на учениците, наставата се реализира во опремена училница – кабинет со современи нагледни средства и се препорачува да има преглед во училницата, полесен визуелен и аудиоконтакт помеѓу учениците и наставникот и помеѓу самите ученици, а клупите да бидат наредени во разни варијанти на буквата П или доближени заедно, односно групирани при групен облик на работа. |
| **Норматив на наставниот кадар** | Наставата по предметот Граѓанско образование за I (прва) година средно стручно четиригодишно образование ја изведува наставник со завршени:<br>– студии по Социологија, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа,<br>– студии по Историја, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа,<br>– студии по Филозофија, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |

| | Модуларна единица 1. ГРАЃАНСКИ ИДЕНТИТЕТ – ПРЕТСТАВА ЗА СЕБЕ КАКО ГРАЃАНИН | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1. | **Ученикот/ученичката е способен/на да:**<br>– го толкува поимот граѓанин и да ги објаснува факторите што влијаат врз развојот на граѓанскиот идентитет. | **Свесност за граѓанскиот идентитет**<br>**Поими:**<br>Граѓански идентитет | Наставни техники: Бура на идеи и грозд за дефинирање на поимите.<br>Наставна техника: Барометер за заземање став околу факторите што влијаат врз развојот на сопствениот идентитет.<br>Изготвување на дневник на метаучење за рефлексија на сопствениот културен идентитет.<br>Индивидуална работа – мисловна мапа: за различните фактори што влијаат врз идентитетот. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>– идентификува различни видови идентитет (личен и групен),<br>– ги дефинира поимите граѓанин, идентитет и граѓански идентитет,<br>– ги опишува различните општествени фактори што влијаат врз развојот на граѓанскиот идентитет и однесувањето на индивидуата,<br>– прави критичка анализа за различните влијанија врз формирањето на сопствевниот граѓански идентитет,<br>– подготвува различни видови презентации за себе како граѓанин. |
| 2. | – го планира сопствениот развој и да го провери сопствениот успех во однос на поставените цели за личен развој. | **Препознавање и развој на сопствените особини и вештини** | Анализа и дискусија на тема „Моите цели и особини пред две години и денес“.<br>Изработка на личен план за развој. | – ги идентификува сопствените слаби и јаки страни.<br>– добие повратна информација од другите за сопствените однесувања, |

*Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими:**<br>Особини<br>Вештини<br>Личен развој | Изработка на план за општествено ангажирање во училиштето и заедницата. | – идентификува области за подобрување на определени вештини и релевантни цели,<br>– го оцени напредокот во однос на постигнувањето на идентификуваните цели. |
| 3. | – го анализира и да го приспособува своето однесување и да ги почитува различните ставови и потреби кај другите луѓе. | **Контрола на однесувањето**<br>**Поими:**<br>Толеранција<br>Компромис | Анализа на текст со проблем (по избор на наставникот) кој бара правење компромис за решавање или премостување на проблемот.<br>Игра на улоги (проблемска ситуација со разлики во ставови), дискусија за однесувањето на учениците,<br>Ранг-листа на приоритетни карактеристики што треба да ги поседува граѓанинот и проценка на своите однесувања врз основа на дефинираната ранг-листа. | – ги дефинира поимите толеранција и компромис,<br>– опишува соработка помеѓу луѓето во остварување на заедничка цел,<br>– прифаќа дека во општеството постојат групи и лица кои имаат различните интереси, ставови и потреби,<br>– прифаќа дека треба да се прави компромис меѓу сопствените и интересите на другите луѓе,<br>– ги преиспитува сопствените карактеристики и однесување и изнаоѓа начини да ги подобри своите социјални вештини. |
| 4. | – ја анализира и да ја проценува важноста на моралните вредности и норми во општествениот и личниот живот на граѓанинот. | **Етичност**<br>**Поими:**<br>Етичност<br>Вредности<br>Морал/морални норми | Учениците составуваат етички кодекс за однесување во училиштето.<br>Споредба и анализа на етичките правила во различни општества. | – го идентификува влијанието на моралните вредности и норми во поширок општествен контекст,<br>– ги дефинира поимите етичност, вредности, морал и морални норми, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Дискусија за моралноста и етичноста на учесниците во определени реални или фиктивни ситуации. | – опишува примери на етички и неетички постапки,<br>– предлага начини за владеењето на етичноста во општеството. |
| 5. | – анализира како врз начинот на однесувањето влијаат знаењата, емоциите и вредностите. | **Изразување на емоции**<br>**Поими:**<br>Емоции<br>Емпатија<br>Сочувство | Игра на улоги и дискусија за емоционалните реакции на учесниците (емпатија наспроти сочувство).<br>Рефлексија на искажување емоции во различни ситуации. | – ги објаснува поимите емоција, емпатија, сочувство ...<br>– наведува примери за различни емоционални реакции искажани чувства, емпатија,<br>– споредува емоционални реакции во различни ситуации,<br>– ги проценува сопствените реакции во различни ситуации. |

| | Модуларна единица 2. ГРАЃАНСКА ПОВРЗАНОСТ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1. | **Ученикот/ученичката е способен/на да:**<br>– ги идентификува различните видови комуникација и нивното влијание врз современиот начин на живеење и е способен/на да ги користи соодветно на контекстот. | **Комуникација**<br>**Поими:**<br>Комуникација<br>Ефективна комуникација | Бура на идеи: На какви начини комуницираме меѓусебно. На крајот се изведува заклучок.<br>Работа во парови: Што ми се допаѓа и што не ми се допаѓа во комуникацијата со другите?<br>Дискусија: Што би било доколку немаме интернет и телефон?<br>Вежба: Пренесување една порака преку различни форми на комуникација (писмена, усна, вербална, невербална...). | **Ученикот/ученичката може да:**<br>– набројува различни начини на комуникација и услови што влијаат врз ефективна комуникација,<br>– ја опишува комуникацијата како основно средство за разбирање меѓу луѓето,<br>– прави план за ефективна комуникација (вербална, невербална, дигитална) за да се заврши некоја сложена задача,<br>– ја приспособи комуникацијата во зависност од контекстот и достапните форми. |
| 2. | – препознава различни гледишта за важни општествени прашања и да почитува ставови различни од неговите/нејзините. | **Разгледување различни гледишта и ставови**<br>**Поими:**<br>Гледишта<br>Ставови | Наставна техника: Барометар – заземања позиција за одредена изјава помеѓу „се согласувам“ и „не се согласувам“ и споредување на различните позиции меѓу учениците. | – аргументира свои ставови за различни теми од различни области,<br>– дискутира различни гледишта за важни општествени прашања,<br>– прифаќа дека постојат различни |

*Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Дебата на тема по избор на учениците за да развиваат различни гледишта и ставови од различни области (образование, економија, здравство, екологија...). | вредности, ставови и мислења,<br>– објаснува како погледите на светот ги определуваат односите меѓу луѓето. |
| 3. | – го проценува значењето на припадноста кон заедницата и придобивките на заедницата од поединците во градењето на заедничките вредности. | **Припадност кон заедницата**<br>**Поими:**<br>Заедница<br>Припадност<br>Патриотизам<br>Космополитизам | Работа во групи: Колку и како ја вреднуваме заедницата?<br><br>Симулација: Како се однесувам кон другите?<br><br>Дискусија: На какви заедници припаѓаме. Колку ни е силна припадноста на различни заедници (рангирање за секој индивидуално).<br><br>Дискусија: Што треба/може јас да направам за мојата и глобалната заедница и што добивам/губам со тоа? | – ги опишува улогите на поединците и нивниот придонес во заедницата,<br>– го објаснува значењето на индивидуалното чувство на припадност кон различните заедници,<br>– го дискутира влијанието на другите врз градењето на чувство на припадност кон пошироката заедница,<br>– ги промовира вредностите на припадност кон својата држава (патриотизам) и на светот (космополитизам). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | – ги поврзува хуманоста, човековите права и меѓународното хуманитарно право со положбата на ранливите категории луѓе и се застапува за нивно почитување. | **Хуманост**<br>**Поими:**<br>Хуманост<br>Меѓународно хуманитарно право | Индивидуално одговарање на анкетни прашања на тема како постапуваш?<br>Индивидуална работа: Јас, ние и чувствата (Декорирана торбичка со трите најважни работи во вонредна ситуација).<br>Работа во групи: Истражување и мапирање на хуманитарни организации (кои дејствуваат во Македонија, кои во други држави).<br>Развој на идеја за хуманитарна акција во заедницата (идентификување на ранливи лица, нивните потреби) и покренување иницијатива. | – набројува ранливи категории луѓе на кои им е потребна хуманитарна помош,<br>– објаснува што е хуманост,<br>– ги идентификува институциите што им помагаат на ранливите категории,<br>– ги идентификува меѓународните организации (Црвен крст, Црвена полумесечина) кои дејствуваат хуманитарно,<br>– ги препознава специфичните потреби на ранливите категории во општеството. |
| 5. | – анализира начини на функционирање на различностите во општествата и да покажува подготвеност да ги почитува различните од себе. | **Прифаќање и почитување на различностите**<br>**Поими:**<br>Различности<br>Почитување<br>Прифаќање | Работа во групи: Јазикот и светот (да покажат како јазиците ги поврзуваат земјите во светот).<br><br>Индивидуална работа: Наведете сличности и разлики | – опишува како различни идентитети функционираат во едно општество,<br>– ги преиспитува сопствените ставови и однесувања во конкретни ситуации,<br>– дискутира за придобивки и предизвици од животот и работата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | меѓу поединци и групи во вашата средина? | во општество со различности,<br>– демонстрира дека секој во општеството е важен и може да ги прифаќа луѓето што се различни од него/неа. |
| 6. | – ги препознава предностите на мултикултурното општество и да го вреднува квалитетот на интегрираниот начин на живеење. | **Мултикултурализам и интегрирано живеење**<br>**Поими:**<br>Мултикултурализам<br>Интеграција<br>Интеркултурализам | Наставна техника: Леден брег – што подразбираме под култура?<br><br>Индивидуална работа: Кои елементи на кои поими им припаѓаат? (поврзани со мултикултурализам, интеграција и интеркултурализам).<br><br>Дискусија на тема: Придобивки и предизвици од живеење во мултикултурно општество. | – набројува основни карактеристики на мултиркултурно општество,<br>– дефинира што е мултикултурализам и интеграција,<br>– ја препознава интеграцијата како начин/предуслов за интеркултурно општество,<br>– дискутира и да наоѓа решенија за сложени прашања и ситуации во кои е потребно да се почитуваат културните разлики. |
| 7. | – анализира конфликти на локално, национално и на глобално ниво и да предлага различни начини за нивно разрешување. | **Справување со конфликти**<br>**Поими:**<br>Конфликти | Техника: Бура на идеи: Што е конфликт?<br>Работа во парови – Да размислуваме „надвор од кутијата“: конкретен конфликт (локален или глобален) и начини на негово премостување | – го дефинира поимот конфликт,<br>– идентификува различни видови конфликти – причини, последици,<br>– застапува мирно разрешување на конфликтите и да предлага конструктивни начини за решавање, справување и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | или решавање.<br>Работа во групи: Порака до вонземјанинот „што е насилство, а што е ненасилство?“<br>Игра на улоги: Симулација на ненасилно разрешување или премостување на конфликти. | премостување конфликти,<br>‒ ги проценува причините за конфликтот во однос на различните потреби на вклучените страни. |

| | Модуларна единица 3. ГРАЃАНИН ВО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1. | **Ученикот/ученичката е способен/на да:**<br>– ја препознае својата улога како граѓанин и да ги идентификува можностите за активно вклучување во општествениот живот. | **Улогата на граѓанинот во општеството**<br>**Поими:**<br>Граѓанин<br>Граѓанско општество | Работа во групи на тема: „Карактеристики на граѓанското општество“.<br>Споредба на граѓанско и други видови општества преку изработка на Т-табела.<br>Дискусија: Како нашето општество да ги постигне карактеристиките на граѓанското општество? Што може ние да направиме? | **Ученикот/ученичката може да:**<br>– да ги наброи карактеристиките на граѓанското општество,<br>– дефинира граѓанин и граѓанско општество,<br>– ги идентификува можностите за ангажирање во граѓанското општество,<br>– демонстрира активно учество во општествените процеси. |
| 2. | – ги идентификува човековите права, граѓанските права и слободи, да ги почитува во секојдневните ситуации и е способен/на да ги поврзува со соодветни одговорности. | **Права и одговорности**<br>**Поими:**<br>Права<br>Слободи<br>Одговорности<br>Обврски | Дискусија на тема: „Правата вчера, правата денес, а утре?“<br>Изработка на „Куќа на правата“ (темел, ѕидови, покрив) врз основа на развојот на човековите права.<br>Демонстрирање на ситуации/примери од | – набројува видови права и одговорности,<br>– го опишува развојот на човековите права,<br>– групира права и одговорности на граѓаните во граѓанското општество,<br>– дебатира за почитувањето на |

*Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | секојдневниот живот поврзани со осумте нивоа од скалата на детското учество на Роџер Харт. | правата и одговорностите на граѓаните во својата средина. |
| 3. | – го разбира значењето на одржливиот развој и рационалното користење на ресурсите на планетата Земја. | **Граѓанинот и одржливиот развој**<br>**Поими:**<br>Одржлив развој<br>Ресурси<br>Рециклирање<br>Енергенси | Изработка на план за рационално користење на ресурсите во училиштето.<br>Дискусија на тема: Потрошувачка на вода, струја, наводнување, рециклирање и користење на рециклиран материјал.<br>Изработка на промотивен материјал (плакат, леток, видео...) за заштита на животната средина и истакнување на видно место. | – набројува и да дискутира позитивни примери од одржлив развој и заштеда на ресурсите,<br>– го опишува значењето на одржливиот развој во поединечните сегменти на живеењето,<br>– изработува план за рационално користење ресурси,<br>– истражува и да предлага модели на одржлив развој што може да се применат. |
| 4. | – ја препознае потребата од иновација и претприемништво заради следење на динамиката на развојот на современото општество. | **Граѓанинот како иноватор и претприемач**<br>**Поими:**<br>Иноватор<br>Претприемач | Работа во групи: Изработка на проект (Идеја– проект – реализација).<br>Бура на идеи: Карактеристики на иноватори и претприемач.<br>Сумирање на сличности и разлики.<br>Дискусија: Која е улогата на иновациите во развојот на | – ги објасни поимите иноватор и претприемач,<br>– ги објасни факторите што му овозможуваат на граѓанинот да биде иноватор и претприемач,<br>– ги опишува и да дискутира за можностите за претворање на идејата во проект. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | општеството. | |
| 5. | – ги анализира личните потреби, ги определува приоритетите и го планира нивното финансирање. | **Граѓанинот како потрошувач и штедач**<br>**Поими:**<br>Заработка<br>Штедење<br>Инвестиција<br>Потрошувач | Анализа (индивидуално или во група) на позитивните и негативните аспекти на потрошувачката и штедењето.<br>Индивидуална работа: Проценка на лични потреби и изнаоѓања на начини за нивно финансирање. | – разликува начини и форми за обезбедување пари (на пример: заработка, штедење, позајмување и инвестирање),<br>– идентификува ситуации како се менуваат финансиските потреби на граѓаните,<br>– ја објасни улогата на граѓанинот како потрошувач и штедач,<br>– прави проценка на придобивките и ризикот од користење на услугите за штедење/позајмување во банка. |
| 6. | – ја оцени улогата на граѓанските организации и групите на застапување во граѓанското општество и да ги користи придобивките од нив како граѓанин. | **Граѓанските организации и групите на застапување**<br>**Поими:**<br>Граѓански организации<br>Групи на застапување | Работа во групи: Учениците формираат „своја организација“ (реална или фиктивна), прават програма и настојуваат да ја реализираат преку различни активности.<br>Истражување (од електронски извори, анкета, фокус-група и сл.) за граѓанските организации и нивните активности.<br>Бура на идеа :Граѓански организации наспроти групи на застапување (сличности и | – идентификува граѓански организации и групи на застапување,<br>– ја објаснува улогата на граѓанските организации и/или групите на застапување,<br>– ги објаснува предизвиците со кои се среќаваат граѓанските организации во текот на нивното дејствување,<br>– анализира начини и форми на дејствување на граѓанските организации и групи на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | разлики). | застапување. |
| 7. | – ја препознава улогата на медумите во демократијата како контролор на власта и инструмент за активно учество на граѓаните во демократските процеси. | **Медиумите во демократското општество**<br>**Поими:**<br>Новинар<br>Уредник<br>Цензура<br>Автоцензура | Вежба: Пренесување на вест преку игра „расипан телефон“ и дискусија за начините на нивна проверка.<br>Анализа на вест пренесена во различни медиуми (колку се почитувани новинарските критериуми).<br>Дискусија: Како медиумите се контролор на власта? Проследена со онлајн истражувања на примери (вести, колумни и сл.).<br>Дискусија: Како граѓаните ги користат медиумите за да учествуваат во демократските процеси? Проследена со онлајн истражување на примери.<br>Работа во групи: Изработка на печатен/ѕиден весник или на е-весник.<br>Играње на улоги: Новинар, уредник, сопственик на медиум.<br>Дискусија: Како граѓаните ги користат медиумите за активно | – ги наброи и да ги објасни карактеристиките на медиумите,<br>– проценува почитување на принципите за работа на медиумите (независност, одговорност, вистинитост, етичност),<br>– анализира и оценува различни медиумски содржини,<br>– проценува како информациите различно се пренесуваат и се доживуваат. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | учество во демократските процеси. | |
| 8. | – го проценува критички влијанието на религијата во современото општество и да се однесува толерантно кон религиски различниот. | **Религијата во општеството**<br>**Поими:**<br>Агностик/агностицизам<br>Секти<br>Фундаментализам/радикален фундаментализам и екстремизам | Работа во групи: Истражување за најзастапените светски религии и нивното влијание (позитивно и негативно) во општествата во светот.<br><br>Работа во парови, истражување на поимите: агностицизам, секти, радикален фундаментализам и екстремизам....<br><br>Истражување (анкета) за ставовите на учениците/граѓаните во однос на религијата. Спроведување на анкетата преку онлајн алатки и обработка на резултатите. Дискусија за добиените резултати. | – ги дефинира поимите агностицизам, секти, атеизам, радикален фундаментализам и екстремизам,<br>– ја објаснува улогата на религијата и верските организации во општеството,<br>– препознава и да дискутира за форми на верски радикален фундаментализам и екстремизам,<br>– аргументира за правото на луѓето на различна (не) религиска припадност,<br>– го истражува и да го презентира дејствувањето на различните религиски групи/организации. |
| 9. | – ја идентификува улогата на културата, културните институции во формирањето и развојот на културниот идентитет. | **Културата, културните институции и културниот идентитет**<br>**Поими:** | Есеј и дебата на тема: „Културата денес“.<br>Со користење на онлајн алатката Coggle.it (или друга | – набројува културни општоцивилизациски вредности,<br>– го опишува значењето на културните права во развојот на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Културни институции<br>Културен идентитет | слична) да се изработи проект за културниот идентитет.<br>Индивидуална работа, истражување како културните институции (кино, театар, музеј, опера, балет) влијаат врз нивниот развој. | личноста,<br>– ги објаснува факторите во развојот на културниот идентитет,<br>– ги анализира позитивните и негативните појави во културата,<br>– ги истражува и да ги презентира различните културни обележја и знаменитости во различните културни групи. |

| | Модуларна единица 4. ГРАЃАНИНОТ И ДРЖАВАТА | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1. | **Ученикот/ученичката е способен/на да:**<br>– препознава и да цени демократски вредности во општеството. | **Демократски вредности**<br>**Поими:**<br>Демократски вредности | Изработка на Т-табела за карактеристики на демократски и недемократски држави.<br>Есеј: Вредности на демократијата.<br>Дебата: Во демократските држави сите имаат исти права, но немаат исти можности да ги остварат правата. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>– ги набројува вредностите на демократијата,<br>– аргументирано го застапува демократскиот облик на управување,<br>– ги анализира институциите на демократскиот политички поредок. |
| 2. | – идентификува власт што е во функција на граѓаните. | **Власта во функција на граѓаните**<br>**Поими:**<br>Власт<br>Моќ<br>Отчетност<br>Транспарентност<br>Злоупотреба на власт | Работа во групи: Истражување на уставот и законите што се основа за конституирање на власта; Презентација и структурирана дискусија.<br>Дебата: Како избраната власт треба да ги застапува интересите на сите граѓани.<br>Користење на онлајн алатката Plickers (или на друг начин) на тема: „Власт во функција на | – набројува карактеристики на власт во функција на граѓаните,<br>– ги опишува уставот и законите како основа за конституирањето на власта во државата,<br>– полемизира за употреба и злоупотреба на надлежностите што произлегуваат од различни позиции на власт,<br>– дебатира аргументирано дека избраната власт треба да ги |

*Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | граѓаните". | застапува интересите на сите граѓани. |
| 3. | – го објаснува функционирањето на државата и да ги идентификува начините на учество во власта и јавниот живот. | **Како е организирана власта во Република Северна Македонија**<br>**Поими:**<br>Законодавна власт<br>Извршна власт<br>Судска власт<br>Децентрализација<br>Локална самоуправа | Бура на идеи за поделбата на власта.<br>Истражување и презентација за надлежностите на власта и институциите што ги претставуваат.<br>Концептуална мапа на граѓанското учество во власта и јавниот живот. | – разликува законодавна, извршна, судска власт и локална власт,<br>– ги набројува надлежностите на четирите видови власт,<br>– го опишува значењето на децентрализацијата на власта,<br>– ја опишува поделбата на власта како услов за меѓусебна контрола и ограничување на моќта на власта,<br>– наведува конкретни начини на граѓанско учество во власта и во јавниот живот. |
| 4. | – ги препознае карактеристиките на правната држава и да ги објасни негативните појави што го нарушуваат владеењето на правото. | **Владеење на правото**<br>**Поими:**<br>Правна држава<br>Интегритет/социјален притисок<br>Корупција<br>Непотизам | Работа во парови за дефинирање на поимите: правна држава, интегритет/социјален притисок, корупција и непотизам преку истражување.<br>Анализа на случаи (приказни) во кои се прикажани различни коруптивни дејства и дискусија.<br>Дебата на тема: „Зошто селективното владеење на правото е погубно за | – ги опишува карактеристиките на правна држава,<br>– ги дефинира поимите интегритет/социјален притисок, корупција и непотизам,<br>– ги опишува облиците во кои може да се појави корупцијата,<br>– ги проценува придобивките за општеството од превенцијата и борбата против корупција,<br>– критикува и да осудува селективно владеење на правото. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | демократијата?“ | |
| 5. | – ги препознава начините на кои граѓаните учествуваат во политичките процеси и да го проценува значењето на изборите врз развојот на демократијата. | **Изборите и демократските процеси во општеството**<br>**Поими:**<br>Изборна кампања<br>Мнозински систем<br>Пропорционален систем | Дискусија: На кој начин граѓаните учествуваат во политичките процеси (форми на учество).<br>Работа во групи: Анализа на јавното мислење, изборните кампањи и реклами и влијанието на мас-медиумите во изборите.<br>Есејско прашање: Политичките партии и независните кандидати треба да бидат во функција на интересите на сите граѓани. | – набројува начини на кои граѓаните можат да учествуваат во политичките процеси: гласање, кампањи, лобирање, митинзи, петиции,<br>– ги опишува видовите избори и изборни модели;<br>– дава конкретни примери како политичките партии/независните кандидати треба да бидат во функција на интересите на граѓаните. |
| 6. | – ја анализира и да ја проценува општествената улога на државната и јавната администрација. | **Општествената улога на државната и јавната администрација**<br>**Поими:**<br>Државна администрација<br>Јавна администрација | Бура на идеи: Администрација.<br>Табела ЗСН во врска со државната и јавната администрација.<br>Играње улоги: Граѓанинот и институциите.<br>Дебата: Како јавните и државните институции да станат поефикасни и во служба на граѓаните. | – разликува државна и јавна администрација,<br>– опишува надлежности на државна и јавна администрација,<br>– дебатира за одговорноста на јавни и државни службеници во заштита на правата на граѓаните,<br>– идентификува злоупотреба на надлежности на државната и јавната администрација. |

| | Модуларна единица 5. ГРАЃАНИНОТ И СВЕТОТ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1. | **Ученикот/ученичката е способен/на да:**<br>– ги анализира и да ги следи промените во општестеството како резултат на зголемената културна размена. | **Глобализацијата и општеството**<br>**Поими:**<br>Глобализација<br>Културна размена | Користење на онлајн алатката Plickers (или на друг начин) на тема: Глобализација.<br>Работа во парови на истражувачко прашање/дебата: Како се одразува глобализацијата во секојдневниот живот?<br>Работа во групи:<br>– Придобивки од глобализацијата и културната размена.<br>– Предизвици од глобализацијата. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>– ги набројува процесите во кои се јавува глобализацијата,<br>– го дефинира поимот глобализација,<br>– ги издвојува придобивките и последиците од глобализацијата и културната размена,<br>– ги идентификува областите на промени од глобализацијата. |
| 2. | – ја идентификува позицијата и да ги препознава придобивките на Република Северна Македонија во меѓународните организации. | **Република Северна Македонија во меѓународните организации**<br>**Поими:**<br>Меѓународни организации | Бура на идеи: Во кои организации Република Северна Македонија е членка?<br>Метода Web quest: Во кои меѓународни проекти и | – ги набројува меѓународните организации во кои Република Северна Македонија е членка,<br>– ја опишува конкретната улога на меѓународните организации во |

*Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | активности можат да се вклучат наставниците и учениците од нашето училиште? Како и каде да аплицираме?<br>Работа во групи и дискусија: Придобивките на Република Северна Македонија од различни меѓународни организации. | заштита на правата на човекот и во решавање на глобалните проблеми на општеството,<br>– ги објаснува процедурите за учество во конкретни проекти (на пример: заштита на човекови права, животна средина и др.),<br>– ги идентификува механизмите за обезбедување на поддршка на Република Северна Македонија од страна на меѓународните организации. |
| 3. | – ја анализира положбата на Република Северна Македонија во однос на Европската Унија (ЕУ) и да изнаоѓа начини за соработка во различни области. | **Република Северна Македонија како дел од Европа**<br>**Поими:**<br>Европски вредности<br>Културен диверзитет | Анализа на документи за соработка на Република Северна Македонија со други европски земји во различни области.<br>Дебата на тема: Членството во ЕУ – предност или предизвик.<br>Истражување и презентација за културниот диверзитет и заедничките европски вредности.<br>Користење на ИКТ и воспоставување на | – ги препознава предностите и предизвиците од членство во ЕУ, со посебен осврт на интересите на Република Северна Македонија и нејзините граѓани,<br>– препознава заеднички европски вредности и ги почитува културниот диверзитет и идентитет,<br>– идентификува примери на соработка на Република Северна Македонија со други европски земји во различни области од индивидуален, семеен и друг |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | комуникација со ученици, училишта од Европската Унија и размена на позитивни искуства од образовниот процес во нивните држави. | аспект,<br>– идентификува начини за размена и соработка на млади на Македонија со млади од други европски држави. |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Постигнувањата на учениците во текот на наставата се следат и се вреднуваат со користење на критериумите за оценување коишто, всушност, во наставната програма се прикажани како стандарди за постигнувањата во однос на секој резултат од учењето и опишуваат што се очекува од ученикот да направи за да покаже дека е постигнат резултатот од учењето. Во текот на наставата се следат активностите за учење, мотивираноста за учење, соработката со другите, критичкиот однос кон наученото и творечкиот однос кон наученото, односно изградувањето на свои ставови и размислувања за одредени прашања од наставниот материјал. Тие сознанија се користат за поддршка на учениците во учењето. При тоа се користат различни стратегии и техники за формативно оценување, вклучувајќи ги и самооценувањето и заемното оценување.<br><br>Основа за сумативното оценување се критериумите за оценување коишто треба да се доконкретизираат на ниво на училиште или на ниво на заедници на училишта/наставници. Сумативните оценки се определуваат врз основа на користење на различни методи и техники на оценување усогласени со критериумите на оценување (есејски прашања, тестови, усни презентации, проекти...). На оценката не влијаат ставовите на учениците за определени општествени прашања, туку се оценува оспособеноста за анализа, интерпретација и евалуација.<br><br>Секој ученик редовно е информиран за своите постигања, а исто така се информираат и родителите за постигањата на ученикот. Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. |
| **Литература и други извори** | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2019/2020 година** |
| **Институција/носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |

| | |
|---|---|
| Потпис и датум на донесување на наставната програма | бр. 13-4390/17<br>11.6.2019 година<br><br>МИНИСТЕР, с.р.<br>Dr. Arbër Ademi<br>____________________ |
| Датум на ревизија | |